**Наслов:** Европска соработка во рамките на Холокаустот

**Автори:** Андуана Шахини (Албанија), Александар Вељаноски (С.Македонија), Весна Рашковиќ (Србија)

**Советник по историја:** Лаура Фонтана

**Педагошки советник:** Лоранда Милетиќ

**Вкупно време за лекцијата**: 2 училишни часа

**Возрасна група и место во наставната програма:**

| **Земја** | **Албанија** | **С.Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|---|
| **Целна група/ возраст** | 15-18 | 15-18 | 15-18 |
| **Место во наставната програма** | Холокаустот не е задолжителен предмет во наставата по историја, но сепак, на учениците им се нуди модул со времетраење од два часа (со разни опции: вршење практична активност или водење мал проект) со тема на холокаустот. Општо земено, темата на холокаустот ја обработуваме во 5-тото поглавје „Време на големи потреси, од Првата до Втората светска војна“ во X одделение од гимназија, како и во 5-тото поглавје „Втора светска војна“ во XI-то одделение од гимназија. Ден на сеќавање на холокаустот и на злосторствата против човештвото е 27 јануари кога училиштата се повикуваат да организираат активности од страна на Министерството за образование. http://arsimi.gov.al/wp-content/uploads/2021/08/Document.pdf | *Холокаустот во Втората светска војна* и неговите последици е темата што се поучува на два предмети како дел од предметот Светот, Европа и Балканскиот Полуостров во Втората светска војна во деветто одделение од основно училиште.<br>Темата дополнително е опфатена во третата година од гимназиското образование во рамките на предметот: Светот во Втората светска војна - Последици од Втората светска војна и холокаустот,<br>како и на првиот час од гимназиско образование по предметот Историја како изборен предмет во четиригодишното образование - Нирнбершки процеси | Посебен акцент се става на холокаустот во завршните одделенија во средното училиште. Учениците можат да научат за генезата на холокаустот, особено кога се обработува темата на справување со анти-јудаизмот. Наставниците одлучуваат за бројот на часови што ќе се наменат на наставата за холокаустот. |

**Цели на наставата** (што сакаме да постигнеме со оваа активност за учење?):

Учениците ги проширувaат своето знаење и критичко разбирање за Втората светска војна и за холокаустот преку проучување на разни примери на соработка кои постоеле во Европа за време на нацистичкиот период и за улогата на соработниците (колабораторите) во спроведувањето на политиките за „Конечно решение“. Преку анализа на разни историски извори и користејќи колаборативни и интерактивни стратегии за учење, учениците ќе истражуваат форми и степени на соработка во студии на случај на Бугарија, Романија и Италија.

**Резултати од учењето** (што ќе научат и што ќе можат учениците да направат откако ќе бидат вклучени во оваа активност за учење?)

Учениците ќе можат да:

1. дефинираат нови поими: колаборација, соработка, Протокол од Ванси, „Конечно решение“
2. ги анализираат формите на колаборација и соработка врз основа на примерите на прогон и депортација на Евреите во Италија, Бугарија и Романија
3. ги најдат сличностите и разликите во процесот на имплементација на „Конечното решение“
4. толкуваат различни историски извори и документи.

**Клучно прашање: Во извршувањето на геноцидот врз Евреите, кои категории луѓе беа инволвирани во секоја од земјите кои се предмет на анализа?**

## Вовед

Вкупно време: 30 минути

**Задача за учениците**: На 1 септември 1939 година, нацистичка Германија ја нападна Полска. Два дена подоцна, Британија и Франција ѝ објавија војна на Германија. За време на деветте месеци по инвазијата на Полска, германската армија брзо го освои поголемиот дел од Западна и Северна Европа. По извршената агресијата против СССР во јуни 1941 година, нацистите окупираа и други земји во Источна Европа.

а) Набљудувајте ја картата 1 и картата 2 (прилози 1 и 2) и споредете ги така што ќе одговорите на следниве прашања:

1. Која европска земја била првиот сојузник на хитлерова Германија и еден од основачите на Сојузот на Оската? Кои три земји биле основачи и главни соработници во она што на крајот беше наречено Сојуз на Оската? Најдете ги на картата.

2. Кои европски земји беа окупирани од нацистичка Германија до крајот на 1942 година?

3. Кои земји во 1942 година станаа сојузници на Германија или беа во голема мера зависни држави?

б) Погледнете ја картата 3 (прилог 3) на која е прикажано еврејското население во Европа во 1933 година и одговорете на прашањето:

1. Каде живееле најголемите еврејски заедници во Европа пред војната?

2. Најдете ги на картата трите земји со најголемо еврејско население во периодот пред Втората светска војна.

**Забелешка за наставниците:** Наставникот им објаснува на учениците дека во Источна Европа, особено во Полска и во Русија, голем број на Евреи живееле во мали гратчиња или села кои на јазикот јидиш се нарекувале *shtetls* („мали гратчиња"). Евреите од Источна Европа живееле свој посебен живот како малцинство во рамки на културата на мнозинството. Зборувале јидиш, кој е комбинација од елементи на германскиот и хебрејски јазик. Повеќето Евреи во Западна Европа обично се склони да ги прифаќаат обичаите на земјата во која живеат и се асимилираат побрзо. Тие, исто така, постепено ги ослабуваа своите врски со религијата. Сепак, ако ги ставиме настрана нивните општествени, културни и економски разлики, Евреите биле прогонувани на ист начин како што биле сметани за еден народ, една суб-човечка раса на луѓе што требало да биде изолирана и елиминирана бидејќи биле сметани за опасни од страна на нацизмот. Со доаѓањето на Хитлер на власт во 1933 година, антисемитизмот доби централно место во политичката програма на нацистичката партија, заедно со бројни мерки за дискриминација и со донесување на расните закони (Нирнбершки закони) во септември 1935 година. Сите Евреи кои живеат во Германија станаа непријатели и, следствено на тоа, потенцијални жртви, а нивниот живот се промени засекогаш.

в) Во 1933 година нацистите дојдоа на власт со ветување дека ќе изградат поголема и посилна Германија, врз основа на расна и биолошки кохезивна заедница. Според нацистите, овој Трет Рајх би бил национална, народна заедница, општество обединето и организирано околу идеите за „раса". Нацистите не верувале дека еврејскиот народ (меѓу другите народи) може или треба да биде дел од оваа нова Германија. За да се создаде Трет Рајх, нацистите прво требало да најдат начин да елиминираат половина милион германски Евреи. Со примена на разни антиеврејски мерки, нацистите успеаја да принудат половина од германските Евреи да емигрираат до почетокот на Втората светска војна. По аншлусот (анексијата) на Австрија и започнувањето на Втората светска војна, милиони Евреи се најдоа под контрола на нацистите. По шест години примена на мерки насочени против Евреите од страна на Третиот рајх, сепак бројот на Евреи бил поголем отколку порано. Со агресијата врз Полска, во првите две години од војната започна и нова фаза на насилство, која беше поразширена, систематска и радикална. Во последните неколку месеци од 1941 година беше одлучено дека на „конечното решение на еврејското прашање" треба да биде му се стави крај.

Потоа наставникот ги прашува учениците:

- Можете ли да увидите кое било ова „Конечно решение"?

Наставникот ги упатува учениците да ја разгледаат дефиницијата што можат да ја видат на екранот на компјутерот. Доколку учениците не се запознаени со поимот еуфемизам,

треба да бидат упатени да побараат објаснување во *листата на основни поими*. Оваа листа содржи и објаснување на терминот „Конечно решение“.

***„Конечното решение“, инаку скратена верзија на полниот нацистички назив кој гласи „Конечно решение на еврејското прашање“ е, всушност, еуфемизам што го користеле лидерите на нацистичка Германија за масовните убиства врз Евреите во Европа. „Конечното решение на еврејското прашање“ била последната фаза од холокаустот и се случуваше во периодот лето/есен од 1941 до 1945 година. Станува збор за намерно, планирано масовно убиство на европските Евреи. Многу Евреи биле убиени уште пред да започне „Конечното решение“. Сепак, огромното мнозинство Евреи кои загинале во Холокаустот биле убиени како дел од „Конечното решение“.***

Наставникот им објаснува на учениците дека во сите окупирани земји во Европа или во земјите кои биле сојузници на Германија, нацистичките окупаторски сили ги дискриминирале и ги прогонувале Евреите, и тоа најчесто во соработка со локалните власти. Сепак, прогонството и депортацијата се случувале во различен временски период и на разни начини во секоја од земјите. Масовното убиство на Евреите од страна на нацистичка Германија и нејзините соработници барало координација и соработка на државните агенции во европските земји кои биле под контрола на Оската. Не го знаеме точниот датум кога нацистичкиот режим донел одлука за спроведување геноцид бидејќи не се пронајдени прецизни документи за тоа, но историчарите сметаат дека оваа одлука ја донеле Хитлер и највисоките нацистички лидери некаде кон крајот на 1941 година.

На 20 јануари 1942 година, петнаесет високи нацистички функционери и претставници на властите на Рајхот учествувале на состанокот кој бил одржан во Ванзе (инаку населба на периферијата од Берлин) со кој претседавал Рајнхард Хајдрих, началник на Главната канцеларија за безбедност на Рајхот (RSHA) со цел да се разговара и да се координира спроведувањето на таканареченото „Конечно решение на еврејското прашање“, инаку шифрирано име за систематско уништување на европските Евреи. Адолф Ајхман, шеф на Одделот за еврејски прашања, го подготвил записникот од овој состанок врз основа на стенографски запис. Тој подоцна откри дека зборовите што ги користел за да го подготви записникот не биле, всушност, точните зборови што ги користеле учесниците. Вистинската намера да се изврши геноцид се криела зад официјално користената терминологија (на пример: „евакуација“ значело депортација во центри за собирање и убивање, а „соодветен третман“ значело „убиство“. Зборувале „директно“, без разубавување на зборовите, за разлика од Ајхман, кој се потпирал на еуфемизми во Протоколот.

На состанокот кој траел речиси час и половина, била запечатена судбината на милиони Евреи.

**Задачи за учениците**:

1. Прочитајте го текстот со задебелени букви подолу кој е преземен од Протоколот од Вансе и обидете се да одговорите на следново:

- Која била целта на Конференцијата во Ванзе?
- Обрнете внимание на терминологијата и изразите што се користат за да се упатува на „еврејското прашање“. Еуфемизмите, благите или индиректните зборови или изразите кои се заменети со оние кои се сметаат за премногу груби или директно, можно е да кријат опасно или незаконско однесување. Какви изрази (терминологија) користеле нацистите за да ги прикријат своите намери или политики? Подвлечете ги во текстот.

***Во ова конечно решение на еврејскиот проблем во Европа, опфатени се приближно 11 милиони Евреи...***

***Преку соодветно насочување, Евреите, во текот на Конечното решение, треба да бидат доведени на Исток, и тоа на соодветен начин кој ќе овозможи нивна употреба како работна сила. Во големи работнички групи, преку раздвојување според полова припадност, до овие места ќе се доведуваат работоспособните Евреи и ќе се ангажираат на изградба на патишта, во која задача е несомнено дека голем дел од нив ќе се осипаат на природен начин.***

***Оние што ќе останат и кои ќе бидат способни да го преживее сето ова - бидејќи тоа несомнено ќе биде оној кој кој е најотпорен – ќе мора да биде третиран соодветно, бидејќи овие луѓе, кои претставуваат природна селекција, треба да се сметаат за герминативна клетка на новиот еврејски развој (види го искуството од историјата.) Во програмата на практичното спроведување на Конечното решение, Европа ќе биде „прочешлана“ од Запад кон Исток.***

2. Користете го овој QR код на вашиот мобилен телефон или отворете го Прилогот 6 и проучете ја листата на земји кои се споменати во Протоколот од Ванзе, и одговорете на следнов:

- Ако размислуваме за извршување на геноцид во окупирана Европа, што мислите кои биле главните тешкотии со кои нацистите морале да се соочат?
  (на пример, нацистите не ги зборувале локалните јазици, не знаеле кои се Евреите или ги немаале нивните списоци, и не знаеле како ќе реагира локалното население...)
- Имајќи ја предвид желбата на Хитлер да ги елиминира Евреите во Европа која била под нацистичка власт, што мислите, дали има разлика помеѓу сојузниците и колабораторите? А меѓу соработка и колаборација? Ако не сте сигурни во одговорот, проверете го значењето на овие поими во листата на основни поими.
- Кои земји се наведени во Табелата А? Каков е односот на овие земји со нацистичка Германија? Ако не сте сигурни во одговорот, видете карта 1 и карта 2.
- Кои земји се наведени во табелата Б? Каков е односот на овие земји со нацистичка Германија? Ако не сте сигурни во одговорот, видете карта 1 и карта 2.

## Групна работа

**ДЕЛ I**. Вкупно време: 30 минути

**Забелешка за наставниците:** Наставникот ги дели учениците во три групи. Секоја група ќе добие наставен материјал за една земја која била сојузник на Третиот рајх или која соработувала со нацистичка Германија. Учениците треба да ги извршат сите задачи кои се дадени во материјалот и да подготват заедничка презентација за нивните констатации. Како втор чекор, учениците ќе го презентираат она што го сработиле и ќе пополнат заедничка табела со податоци за избраните земји - Бугарија, Италија и Романија.

Конечна цел е да се потврди тезата дека таканареченото „Конечно решение“ е нацистички проект, но неговото спроведување се потпира на широк спектар на колаборационисти во Европа.

Наставникот им објаснува на учениците дека колаборацијата ја имало во секоја земја во Европа која била окупирана од нацистичка Германија, била нејзин сојузник или била неутрална, и тоа во многу различни форми, почнувајќи од апсење на Евреите или нивно интернирање во транзитни логори, конфискација на нивниот имот па до масовни убиства. Разновидноста на формите ги опфаќа сите општествени групи, политички партии и организации, економски и културни сектори, црквата и војската заедно со властите и полицијата. Однесувањето на локалното население треба да се гледа во однос на постапките на нивните влади. Границата помеѓу доброволната и присилна колаборација честопати била мошне тенка. Некои луѓе се вклучиле во ова од потреба, соработувале поради страв од депортација и репресалии; други го правеле тоа заради можностите за личен напредок, подобрување на условите за живеење, прагматизам, корупција, лична корист или идеолошко убедување. Од друга страна, тие останаа пасивни, си ги вршеа своите секојдневни работи како и обично, а со тоа и со својата рамнодушност ги поддржуваа криминалните активности кои се случуваа во нивната земја. Може да се претпостави дека ако ги немало помошта и поттикот од локалните власти и без конформистичкото однесување на локалното население, германската окупаторска машинерија немаше да може да функционира онака како што навистина и функционираше.

### Група 1 Италија

На 27 септември 1940 година, формирани се силите на Оската кога Германија, Италија и Јапонија станаа сојузници со потпишувањето на Трипартитниот пакт во Берлин. Пактот предвидува взаемна помош доколку некој од потписниците претрпи напад од која било земја која сè уште не е вклучена во војната.

Еврејско население: околу 48.000.

**Евреите под фашистичкиот режим во Италија**

Еврејската заедница во Италија е една од најстарите во Европа. До 1930-тите години, италијанските Евреи биле целосно интегрирани во италијанската култура и општество. Во 1933 година, во Италија живееле околу 50.000 Евреи. Иако антисемитизмот бил присутен во политичкиот дискурс на Мусолини и на неколку фашисти на власт, дури и како културно наследство, истиот не бил приоритетна тема. Режимот не покажал подготвеност да ја прогонува малата еврејска заедница сè до 1938 година, кога се донесени расистичките закони. Политиките на Мусолини кон Евреите биле замислени и спроведени на независен начин а не - како што многумина сè уште тврдат – подоцна како отстапка во војната на Хитлер против Евреите.

Задача за учениците: Погледнете ја илустрацијата и одговорете на следниве прашањава:

1. Кои права им биле одземени на италијанските Евреи по 1938 година?
2. Каква била позицијата на Евреите во италијанското општество по 1938 година?
3. Каква била политиката на властите во однос на странските Евреи во Италија, од кои многумина избегале од своите земји за да избегнат депортација?

Антисемитски стрипови (Прилог 4) се објавувани во „La Difesa della Razza“ по повод антисемитскиот закон „Мерки за одбрана на италијанската раса“. Превод на почетокот на текстот: „Согласно расправата на Советот на министри“. Превод на левата табла: „Евреите не можат да обезбедат воена служба. Евреите не можат да ја извршуваат функцијата на заштитник. Евреите не можат да имаат национални одбранбени интереси. Евреите не можат да поседуваат земјиште и објекти. Евреите не смеат да имаат ариевски нешта во своите домаќинства. Протерување на странските Евреи“. Превод на десниот панел: „Не може да има Евреи во воената и цивилната администрација. Не може да има Евреи во партијата. Не може да има Евреи во провинциските и општинските тела. Не може да има Евреи во парадржавните тела. Не може да има Евреи во банките. Во осигурителните друштва не може да има Евреи. Евреите се исклучени од италијанските училишта“.

Во периодот помеѓу 1938 и септември 1943 година, фашистичкиот режим ја дискриминирал еврејската заедница на повеќе начини и формирал концентрациони логори наменети за странски Евреи и за оние Евреи кои биле обвинети дека давале отпор и дека се опасни. Во логорите за интернација во Италија, Евреите ниту биле убивани ниту биле подложени на принудна работа. Притоа, стапката на смртност никогаш не ги достигнала нивоата на нацистичките концентрациони логори, но затворените Евреи страдале од глад, студ, болести и од лишување од слобода. Постојаниот психолошки и економски притисок по 1938 година довел до тоа голем број на Евреи да емигрираат во САД.

Во 1940 година, Италија започнала да војува на страната на Германија и ги започнала своите експанзионистички походи. Во 1942 година Мусолини бил информиран за депортациите на Евреите од сите земји кои биле окупирани од нацистите, како и за масовните убиства, меѓутоа, тој бил воздржан во тоа да му ги предаде на Хитлер Евреите кои побегнале на териториите кои биле под италијанска управа. Тој не го направил тоа поради сожалување или великодушност, туку со цел да ја одржи контролата врз

сопствените територии и население. Италијанската армија и цивилните власти ги заштитле Евреите во областите како што се јужна Франција, Грција и Хрватска.

- Гледајте го снименото сведоштво (Прилог 5) во кое Флори (Флорица) Јагода опишува како барала да се засолни во Италија. Одговорете ги следниве прашања:

  Каде нашло засолниште семејството на Флори, бегајќи од Загреб?
  Како Флори ја опишува атмосферата во Бари?
  Кој ѝ бил најголемиот проблем кога пристигнала во Бари?

Ситуацијата драстично се променила по падот на Мусолини (25 јули 1943 година) а особено веднаш по 8 септември 1943 година, кога било објавено дека италијанската влада потпишала безусловно примирје со сојузниците. Хитлер веднаш реагирал со инвазија на северна и централна Италија, како и со окупирање на италијанските зони во Југославија, Грција и Франција. Види карта 4 (Прилог 7) и пронајдете ги тие области.

Со германската окупација, состојбата на Евреите, сега веќе целосно изолирани и лишени од нивните права, значително се влошила и ги изложила на опасност од депортација. За разлика од другите земји, Евреите во Италија живееле распространето низ целио полуостров, а еврејски заедници имало само во поголемите градови. За нацистите било од суштинско значење да можат да ги лоцираат, затоа што многу Евреи живееле во криење или под лажен идентитет. Од причина што фашистичкиот режим веќе направил попис на Евреите во претходните години, нацистичките власти лесно можеле да добијат списоци на лица кои требало да бидат уапсени, а кои биле евидентирани како Евреи.

**2. Италија е окупирана од Германија, логори и депортации на Евреи.**

Германската окупација на Италија радикално ја променила ситуацијата за преостанатите 43.000 италијански Евреи кои живееле во северниот дел на земјата. Германците брзо воспоставиле СС и полициски апарат и ја вратиле фашистичката влада во вид на марионетска влада (РСИ, Италијанска Социјална Република предводена од Мусолини) со цел да се олеснат апсењата и депортациите. Со помош на локалните власти, германските власти ги собирале Евреите во Рим, Милано, Џенова, Фиренца, Трст и други поголеми градови во северна Италија. За да можат да ги соберат Евреите пред да бидат депортирани, нацистите воспоставиле полициски транзитни логори во Фосоли ди Карпи во близина на Модена и во Борџо Сан Далмацо, во близина на француската граница. Собирањето на Евреите не секогаш се одвивало според очекувањата на нацистичките власти, бидејќи по првите апсења кои биле направени во септември и октомври 1943 година, Евреите на секаков начин се обидувале да стигнат до безбедно место, притоа преместувајќи се постојано од едно место на друго. Многумина емигрирале во Швајцарија или се обиделе да побегнат на југ, каде што дошле сојузниците. За да се спасат, Евреите се криеле во манастири, болници и приватни домови, благодарение на помошта на многу Италијанци и на верски власти, не само на католиците. Осумдесет проценти од Евреите кои живееле во окупирана Италија се спасиле од депортација, што

е највисок процент во однос на цела окупирана Европа. Повеќето од уапсените Евреи биле осудувани од фашистите или од шпиони кои биле најмени од нацистите. Речиси сите Евреи кои биле заробени во Италија биле депортирани во Аушвиц-Биркенау со цел да бидат убиени веднаш по пристигнувањето, види карта 5 (прилог 8), освен некои мали групи Евреи со англиско или турско државјанство кои биле депортирани во концентрационите логори во Берген-Белсен, Бухенвалд, Равенсбрук и Флосенбург. Според податоците на веб-страницата на USHMM, Германците депортирале најмалку 8.564 Евреи од Италија, од Франција која била под окупација на Италија и од островите одос и Кос, од кои повеќето завршиле во Аушвиц-Биркенау.

Истражете ја временската линија 1 (прилог 9) и одговорете на следниве прашања:

1. Истражете ја временската линија 1 во врска со настаните од октомври 1943 година, кои се однесуваат на судбината на италијанските Евреи под германска окупација. Каква била улогата на СС генералот Одило Глобочник и на логорот Ла Ризиера ди Сан Саба во близина на Трст?
2. Зошто собирањата на Евреите не секогаш се одвивале според очекувањата на нацистичките власти?
3. Колку вкупно Евреи биле депортирани од Италија, а колку Евреи го преживеале Холокаустот во Италија?

## Група 2 Бугарија

Бугарија се приклучила на силите на Оската на 1 март 1941 година

Во пролетта 1941 година, Бугарија официјално се приклучи на силите на Оската, и била наградена со делови од грчка Тракија и југословенска Македонија, во кои имало еврејско население. Бугарија и пред почетокот на војната била во соработка со нацистичка Германија.

Еврејско население: 48.000 – 50/000

**Забелешка за учениците:** задачата тука е да се проучат дадениот текст и визуелните извори и да одговори на прашањата.

За сите визуелни извори, обидете се да одговорите на следниве прашања:

А) Набљудувајте и идентификувајте: Што е она што прво го забележувате? Кои луѓе и предмети се прикажани на фотографијата? Како се наредени во рамката? Какво е опкружувањето? Дали има видливи текстуални индиции (зборови, знаци, итн.)? Дали има детали што не можете да ги идентификувате?
Б) Рефлексија: Според тебе, што мислиш дека би можела да биде причината за фотографирање на овие фотографии? Како биле компонирани? Што се случува на фотографиите? Кога биле фотографирани? Која е целната публика за овие фотографии?
В) Прашање: Што недостасува на фотографиите? Што се случило само неколку моменти пред да бидат направени фотографиите? И што се случило веднаш потоа? Какви размислувања или претпоставки имате откако ќе ги видите овие фотографии?

Прво, ќе научите што се случувало во врска со Евреите и антисемитизмот во Бугарија во периодот до 1943 година, и потоа што се случувало од пролетта 1943 година па натаму. Ќе ги истражите разните политики кон бугарските Евреи во земјата и во новоприпоените територии. Неопходно е да разберете кои одговорности ги презела бугарската влада, било преку колаборација со со нацистите или самостојно.

a) Имало ли антисемитизам во Бугарија пред почетокот на Втората светска војна? Како се променил животот на бугарските Евреи по донесувањето на Законот за заштита на нацијата?

Во периодот до есента 1939 година, кога избувнала Втората светска војна во Бугарија немало широко распространет ниту привиден антисемитизам. До 1940 година, прогерманската влада ги донесе првите антиеврејски закони, и покрај протестите на граѓаните. Бугарските правни прописи почнаа да се применуваат и на окупираните територии. Цар Борис III го донел **Законот за заштита на нацијата** кој предивудал многу законски ограничувања за Евреите: тие биле исклучени од јавна служба и принудени да носат жолта ѕвезда или **значките на Давид**. Понатаму, биле натерани да живеат во ужасно пренатрупани услови. На Евреите не им било дозволено да шетаат по **главните улици** ниту да присуствуваат на јавни собири, нивните радија, автомобили и други вредни работи биле конфискувани а повеќето возрасни мажи Евреи беа регрутирани за **принудна работа**. По конференцијата во Ванзе, во септември 1942 година, Бугарите формираа Комесаријат (канцеларија) за еврејски прашања и назначија добро познат антисемит, Александар Белев, да раководи со истата. Комесаријатот, кој беше финансиран со пари одземени од блокираните банкарски сметки на Евреите, набрзо стана главната адреса во Бугарија за постапување со еврејските работи.

b) Бугарија спроведуваше разни политики кон бугарските Евреи, како во самата земја така и во новоприпоените територии. Размислете и одговорете: Што се случило со еврејското население во Софија и во Бугарија за време на Втората светска војна?
Што се случило со еврејското население кое живеело на окупираните територии (пиротска Јужна Србија, Македонија и Тракија)? Имајќи ги предвид сите досегашни информации, дали мислите дека Бугарија била земја која соработувала во геноцидот врз Евреите?

**Територии окупирани од Бугарија**

Видете ја картата 5 и посочете кои територии се споменати во текстот подолу.

Бугарските власти ги депортирале Евреите од грчките и југословенските територии кои Бугарија ги окупирала во 1941 година. На 22 февруари 1943 година, Александар Белев и Теодор Данекер од SS, инаку претставник на Адолф Ајхман во Бугарија, потпишале доверлив договор за депортација на 20.000 Евреи од новите земји. Бидејќи таму имало само околу 12.000 Евреи, преостанатите 8.000 требало да се соберат од Стара Бугарија, а први цели биле заедниците во

Ќустендил и Пловдив. Бугарија се подготвувала за конечното решение. Во првата половина на март 1943 година, бугарските воени и полициски власти извршија депортација на 11.343 Евреи кои живееле на територииите окупирани од Бугарија. Откако Евреите биле ставени во притвор, германските власти ги транспортирале во Треблинка, каде практично сите биле убиени во гасните комори или биле застрелани.

## Бугарија

За време на војната, Бугарија, инаку сојузничка на Германија, не ги депортирала Евреите од провинциите на самата Бугарија. Кога вестите за успешните депортации и за претстојната депортација на Евреите од Софија стигнале до главниот град, опозициските политичари, бугарските интелектуалци и членовите на бугарското свештенство го вклучиле алармот и почнале отворено да протестираат против депортирањето на Евреите од провинциите во Бугарија. Цар Борис бил склон да продолжи со депортациите сè додека Димитар Пешев, инаку потпретседател на Собранието, претставник од Ќустендил и истакнат член на владејачката партија на владата на Борис, лично не интервенирал и го убедил царот да ја одложи планираната депортација. На 19 март 1943 година, Пешев предложил резолуција во Собранието со која се критикуваат депортациите и се бара нивно прекинување. Владеачкото мнозинство, несомнено со премолчено одобрување на царот Борис, ја изгласало резолуцијата на Пешев и го принудило на оставка до крајот на март. По оставката на Пешев, бугарските власти продолжиле со подготовките за депортациите. Растечкиот бран на јавни протести, во кои биле вклучени и митрополитот на Бугарската православна црква, на крајот го принудиле царот Борис да се премисли и да ги откаже депортациите во месец мај 1943 година. Набргу потоа, бугарската влада објавила протерување на 20.000 Евреи од Софија кон провинциите (во 1934 година, еврејското население во Софија било околу 25.000 т.е. 9% од вкупното население на главниот град). Полицијата брутално ги задушувала народните протести организирани и од Евреи и од оние кои не биле тоа. Во период од околу две недели, бугарските власти протерале речиси 20.000 Евреи, ги преселиле во бугарската села и ги распоредиле мажите на принудна работа во логорите наменети за тоа. Бугарските власти, исто така, го конфискувале најголемиот дел од имотот што го останал од оние кои биле депортирани. Во 1945 година, еврејското население во Бугарија броело околу 50.000 луѓе, колку што и било во периодот пред војната.

c) Според информациите што можете да ги добиете од дадениот текст, од избраните фотографии и од видеото, одговорете на следново прашање:

Дали бугарската војска учествувала во холокаустот? Образложете го вашиот одговор преку упатување на релевантните информации од изворите.

Во првата половина на месец март 1943 година, бугарските воени и полициски власти извршиле депортација на 11.343 Евреи кои живееле на териториите окупирани од Бугарија. Бугарските власти им ги предале уапсените Евреи на германските власти кои го организирале транспортот до центарот за убивање Треблинка (кој се наоѓал во окупирана Полска) каде речиси сите биле убиени, по пристигнувањето, во гасните комори или биле застрелани.

Тракија
Филм Депортација на Евреите од Тракија под окупација на Бугарија
Фотографија Евреите принудно се качуваат на брод за депортација на реката Дунав

Македонија
Фотографија Бугарските власти ги собираат Евреите во окупирана Македонија
Фотографија Евреите товарат буре вода на воз за депортација од Скопје
Сведоштво Алберт Сарфати ја преживеал војната, и неговото сведочење е следново:

Нè натоварија во вагони за добиток, педесет до шеесет луѓе во еден вагон, заедно со багажот. Немаше доволно простор и многумина мораа да стојат. Немаше вода. Децата плачеа... Жена во еден вагон се пораѓаше... но немаше лекар. Стигнавме во Скопје на полноќ. Ноќе. Темнина. Ги отворија вагоните и нè втурнаа во две големи згради во темницата. Кон нашиот воз беа додадени вагони со Евреите од Штип. Сопнувајќи се еден со друг во темнината, влечејќи го багажот и постојано тепани од бугарските војници, децата, старите и немоќните се обидуваа да се натиснат во зградата. Кога изгреа сонцето, сфативме дека сме во Скопје, во зградата на Монополот, и дека тој ден беа собрани сите Евреи од Македонија.

Еврејската заедница во Битола
Овие индивидуални и семејни портрети на членовите на еврејската заедница во Битола, Македонија, биле користени од бугарските окупаторски власти за регистрирање на еврејското население пред неговото депортирање во март 1943 година.

**Група 3 Романија**

Се приклучила на силите на Оската на 23 ноември 1940 година.
Еврејско население: 757.000 во периодот пред Втората светска војна (речиси 4% од населението)

**Забелешка за учениците:** внимателно прочитајте го текстот и решете ги сите задачи.
Пред Првата светска војна, за Романија се сметаше дека, заедно со Русија, е најантисемитската земја во Европа. Иако еврејските заедници живееле со векови, Евреите не биле целосно интегрирани туку биле принудени да живеат одвоено од нееврејското рурално општество. Огромното мнозинство романски Евреи немале ниту државјанство, па затоа не ги уживале целосно своите права. Постоела долга традиција на распространет, насилен и народен антисемитизам во Романија.
На крајот на Првата светска војна, иако Евреите го добија правото на тоа, нив сè уште не им било дозволено да учествуваат во јавниот живот и беа дискриминирани во повеќе општествени области, на пример на универзитетите.
Во предвечерието на Втората светска војна, во националниот политички дискурс почнаа да се појавуваат сè поекстремни антисемитски движења, чие присуство можеше да се забележи во земјата веќе некое време. Откако Германија ја принуди Романија да ѝ отстапи голем дел од својата територија на Советскиот Сојуз, Унгарија и Бугарија, во

септември 1940 година на власт доаѓа маршалот Јон Антонеску кој бил поддржан од фашистичкото, антисемитско движење наречено Железна гарда.

Задача: Видете ги картата 1 и 2 и забележете како се промениле границите на Романија во 1940 година.

**Забелешка за учениците:** Владата на маршалот Јон Антонеску брзо воведе голем број на рестриктивни мерки против Евреите во Романија. Тие биле подложени на прогони како што се апсења по случаен избор, уцени, мачења и конфискација на имот и бизниси. Романија застана на страната на Германија во војната против агресијата на Советскиот Сојуз во јуни 1941 година. Неколку дена по почетокот на инвазијата, романските војници, полицајци и цивили убија 15.000 Евреи во градот Јаши а погроми против Евреите се вршеа и во други градови кои беа под управа на Романија. Романската армија и жандармерија, со делумна соработка и поддршка од германските СС и полициски единици, како и од некои локални жители, изврши масакр врз 100.000-120.000 Евреи од Бесарабија и Северна Буковина (области кои беа припоени од страна на СССР во јуни 1940 година, а беа повторно освоени од Романија во летото 1941 година). Слични масакри романската армија извршила и во Западна Украина, особено во градот Одеса. Одобрувајќи ги масовните убиства на источните територии, Маршал Антонеску го следеше истиот нацистички метод на етничко чистење. По егзекуциите сторени во Буковина и Бесарабија, преживеаните Евреи биле депортирани во Придњестровје (Транснистрија) во 1941 година. Станува збор за, во голема мера, ненаселена област која се наоѓа помеѓу реките Днестар и Буг која нацистичка Германија ѝ ја отстапила на Романија во замена за нејзиното учество во војната против Советскиот Сојуз.

Задача: Види картата 3. На неа се означени териториите во кои Романија учествувала во масакрите на Евреите во периодот 1941-1942 година

Голем број на Евреи умреле од глад или болести за време на депортациите во Придњестровје, или по нивното пристигнување. Други биле убиени од страна на романски или германски единици, или во Придњестровје, или откако биле протерани преку реката Буг во Украина која тогаш била окупирана од Германија.

Филмот покажува еден пример за тоа како се случила депортацијата.

**Забелешка за учениците:** Романските власти основале неколку гета и логори на смртта во Приднестровје. Сепак, и покрај овие прелиминарни подготовки, Евреите од Старото Кралство (тоа е Романија пред Првата светска војна) и од јужна Трансилванија не беа депортирани. Кога станува збор за антисемитската политика на Антонеску против романските Евреи, мора да се потенцира дека тој ги сметал за вистински Романци само оние Евреи кои живееле во Романија пред Првата светска војна и оние што живееле во јужна Трансилванија, за разлика од Евреите што живееле во Бесарабија и јужна

Буковина. Тој наредил да се истребат руралните Евреи од Бесарабија и Буковина, а урбаните Евреи да бидат затворени во гета и концентрациони логори. Во летото 1941 година, под негова наредба депортирани се 150.000 Евреи од Бесарабија и Буковина во Придњестровје, каде што многумина загинале или биле убиени. Во останатиот дел од Романија, Евреите биле концентрирани во урбаните центри, а нивниот имот бил конфискуван. Сепак, Антонеску одбил да ги предаде на нацистите.

**Задача:** 1. Врз основа на текстот и фотографија 1, одговорете на следново прашање: кој бил одговорен и кој учествувал во депортацијата на Евреите од Бесарабија и Буковина во Придњестровје?

1. На фотографијата 2, утврдете кои Евреи од едно село во Бесарабија биле однесени во Придњестровје според полот и возраста?

Во периодот од нивното депортирање во Приднестровје па до нивното ослободување од страна на Црвената армија во март 1944 година, 120.000 од оние кои биле депортирани загинале како резултат на убиства, ниски температури, глад и епидемии. Ова е дополнување на десетиците илјади локални Евреи во Придњестровје кои биле жртви на романската инвазија.

Севкупно земено, помеѓу 380.000 – 400.000 Евреи, вклучително и Евреите од Придњестровје, биле убиени во областите кои биле под контрола на Романија а за време на диктатурата на Антонеску (1940-1944).

Очигледно е дека романските власти не ги продолжија во целост прогонството и масовните убиства на Евреите. Како резултат на тоа, околу 300.000 Евреите во Романија не станале жртви на „Конечното решение“ на Германците и тие го преживеале Холокаустот.

Одговори на следниве прашања:

1. Дали Романија била антисемитска земја пред Втората светска војна?
2. Колку Евреи живееле таму пред војната?
3. Какви биле условите за живот на Евреите откако Романија се приклучила на силите на Оската?
4. Какви биле иницијативите и активностите на романските власти против Евреите за време и по инвазијата на Советскиот Сојуз?
5. До кој степен Романија го исполнила „Конечното решение“?
6. Колку Евреи беа убиени во областите кои биле под контрола на Романија а за време на диктатурата на Антонеску?

**ДЕЛ II**. Вкупно време: 20 минути

**Забелешка за наставниците:** На крајот, од учениците се бара да ги резимираат сите наоди во една табела, по направена бура на идеи во рамките на класот, и тоа преку

дискусија која е предводена од наставникот. Откако ќе ја пополнат табелата, учениците ги споредуваат податоците и наоѓаат сличности и разлики помеѓу разните форми на сојуз и соработка.

| | Италија | Бугарија | Романија |
|---|---|---|---|
| Поразена/ се приклучила на силите на Оската | | | |
| Еврејско население пред Втората светска војна | | | |
| Кои категории на луѓе беа вклучени во извршувањето на геноцидот врз Евреите? | | | |
| Како било спроведено „Конечното решение“? | | | |
| Имало ли специфичности во однос на спроведувањето на „Конечното решение“? | | | |
| Еврејско население по Втората светска војна | | | |

## ЗАКЛУЧОК

Вкупно време: 10 минути

**Забелешка за наставниците:** Активноста за учење завршува со излезна картичка наречена 3-2-1 која е формулар за самоевалуација и повратна информација до наставникот за тоа колку успешно бил постигнат исходот. Учениците поединечно ја пополнуваат оваа излезна картичка и ја предаваат на наставникот.

## 3-2-1 EXIT TICKET

| | |
|---|---|
| 3 | Три факти од денешнава активност |
| 2 | Две нешта кои мене ми беа интересни |
| 1 | Едно прашање кое ќе го имам за следниот пат |

**Листа на основни поими**

**Колаборација**: Колаборација како дел од историјата на Втората светска војна, на окупацијата и на секојдневниот живот, и како суштински фактор кој влијаел на холокаустот. Колаборацијата се смета за реакција на дадени понуди и (принудни) барања дадени од нацистите кои ги легитимирале, придружувале, спроведувале, поддржувале и/или ја овозможувале нацистичката политика.

**Концентрационен логор:** Во Европа окупирана од Германија, нацистите основале логори за приведување и, доколку е потребно, убивање на таканаречените непријатели на државата, вклучувајќи Евреи, Роми, политички и верски противници, членови на национални движења на отпорот, хомосексуалци и други. Затворањето во концентрационен логор било со неограничено времетраење, не било поврзано со конкретен чин и не било предмет на никаква судска проверка. Покрај концентрационите логори, нацистичкиот режим управувал и со неколку други видови логори, како што се работните, транзитните, логорите за воени заробеници и центри за убивање.

**Соработка:** здружување со друг или други за заедничка корист; т.е. „Сојузниците во Втората светска војна соработувале интензивно на развој и производство на нови и постоечки технологии за поддршка на воените операции и за собирање разузнавачки информации за време на Втората светска војна“.

**Еуфемизам**: Еуфемизмот е навидум ненавредлив збор или фраза која е замена за оној што би се сметал за навредлив или повредувачки. Тоа е „убав начин“ да се каже нешто непријатно. Нацистичките функционери често користеле еуфемизми кога зборувале за акти на насилство и терор и за нивната цел да ги убијат сите Евреи. На пример, фразата „посебен третман“ (на германски: *Sonderbehandlung*) се користела за упатување на убиствата.

**Фашизам:** политичко движење кое ја воздигнува колективната нација, а честопати и расата, над поединецот и кое се залага за следново: централизирана тоталитарна држава на чело со харизматичен лидер; проширување на нацијата, по можност со воена сила; насилно сузбивање, а понекогаш и физичко уништување на вистинските и перципираните противници.

**„Конечно решение“**: скратена верзија на целото нацистичко име „Конечно решение на еврејското прашање“. Овој поим бил еуфемизам што го користеле водачите на нацистичка Германија. „Конечното решение на еврејското прашање“ било последната фаза од холокаустот и се случило во периодот од 1941 до 1945 година. Тоа било намерно, планирано масовно убиство на европските Евреи. Многу Евреи биле убиени уште пред да започне „Конечното решение“. Сепак, огромното мнозинство Евреи кои загинале во Холокаустот беа убиени како дел од „Конечното решение“.

**Геноцид:** Геноцидот се однесува на координирано и планско уништување на група луѓе (таа „група“ е дефинирана како таква од сторителите). Геноцидот е скоро секогаш придружен со масовни убиства, и ова злосторство е обид да се уништи групата, а не нужно да се убие секој припадник на таа група. Некои го нарекуваат геноцидот „злосторство на злосторствата“. Други го означуваат геноцидот како крајно злосторство против човештвото бидејќи геноцидот има за цел да искорени дел од човештвото.

Геноцидот е дефиниран во Конвенцијата на ОН за спречување и казнување на злосторства на геноцид од 1948 година. Според неа, одредени дела се сметаат за геноцид доколку се извршени „со намера да се уништат, целосно или делумно, одредена национална, етничка, расна или верска група “. Ова е правно применливата дефиниција за геноцид, додека самиот поим ѝ претходи на Конвенцијата донесена во 1948 година и мал е бројот на научници кои се целосно задоволни со оваа дефиниција, делумно поради практичните тешкотии во докажувањето на „намерата“. Научниците со децении презентирале и дебатирале повеќе алтернативни дефиниции за тоа што претставува „геноцид“, честопати сакајќи да ја прошират листата на групи кои се содржани во дефиницијата на ОН.

**Центри за убивање**: логори кои биле формирани за цели на систематско убивање на Евреи и Роми. За оваа цел исклучиво служеле комбето со гас на станицата Кулмхоф (Челмно) и логорите Белзец, Собибор и Треблинка. Аушвиц, Мајданек и Мали Тростинец содржеле објекти кои биле слични на оние во логорите на смртта, а имале улога и како концентрациони логори, логори за работа или транзитни логори.

**Логор за интернација:** Интернирањето значи затворање на луѓе, најчесто во големи групи, без обвиненија или без намера да се поднесат обвиненија. Терминот особено се користи за затворање „непријателски граѓани за време на војна или лица осомничени за тероризам“. Логорот за интернација се разликува од концентрациониот логор, но сепак содржи негови елементи (т.е. фашистички логори на источниот дел од Јадранот).

**Транзитен логор**: Транзитните логори функционирале како објекти за привремено задржување на Евреите кои ги чекала депортација. Овие логори обично биле последната станица пред депортацијата во центар за убивање.

## ПРИЛОГ

**1.** СОЈУЗ НА ОСКАТА, 1939-1941 г

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/axis-alliance-1939-1941?parent=en%2F3343




2. ГЕРМАНСКАТА УПРАВА ВО ЕВРОПА, 1942 г

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/german-administration-of-europe-1942



3. **Дистрибуција на еврејската популација во Европа, околу 1933 година**

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/european-jewish-population-distribution-ca-1933?parent=en%2F2906




4. Антисемитски стрип објавено во фашистичкото периодично списание La Difesa della Razza, по донесувањето на Расните закони (15 ноември 1938 година).

https://commons.wikimedia.org/wiki/File:Difesa_della_Razza.jpg




**5. Флори (Флорица) Јагода опишува како бара засолниште во Италија**

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/oral-history/flory-floritza-jagoda-describes-seeking-refuge-in-italy?parent=en%2F5174

**6. Протокол од Ванзе, 20 јануари 1942 година**

https://avalon.law.yale.edu/imt/wannsee.asp

| **Земја** | **Број** |
|---|---|
| **А.** | |
| **Германија** | **131.800** |
| **Австрија** | **43.700** |

| | |
|---|---|
| **Источни територии** | **420.000** |
| **Општата влада** | **2.284.000** |
| **Бјалисток** | **400.000** |
| **Протекторат Бохемија и Моравија** | **74.200** |
| **Естонија** | **- нема Евреи -** |
| **Летонија** | **3.500** |
| **Литванија** | **34.000** |
| **Белгија** | **43.000** |
| **Данска** | **5.600** |
| **Франција/ окупираната територија** | **165.000** |
| **Франција / неокупираната територија** | **700.000** |
| **Грција** | **69.600** |
| **Холандија** | **160.800** |
| **Норвешка** | **1.300** |
| **Б.** | |
| **Бугарија** | **48.000** |

| | |
|---|---|
| **Англија** | **330.000** |
| **Финска** | **2.300** |
| **Ирска** | **4.000** |
| **Италија вклучувајќи ја и Сардинија** | **58.000** |
| **Албанија** | **200** |
| **Хрватска** | **40.000** |
| **Португалија** | **3.000** |
| **Романија вклучувајќи ја и Бесарабија** | **342.000** |
| **Шведска** | **8.000** |
| **Швајцарија** | **18.000** |
| **Србија** | **10.000** |
| **Словачка** | **88.000** |
| **Шпанија** | **6.000** |
| **Турција (европски дел)** | **55.500** |
| **Унгарија** | **742.800** |
| **СССР** | **5.000.000** |

| | |
|---|---|
| **Украина** | **2.994.684** |
| **Белорусија без Бјалисток** | **446.484** |
| **Вкупно** | **над 11.000.000** |

**7. КАРТА** https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/italy




**8. КАРТА**

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/deportations-from-italy-1943-1945?parent=en%2F5174




**9. ИСТОРИЈАТ, ХОЛОКАУСТ 1945 г.**

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/1943-key-dates

**10.**https://www.yadvashem.org/holocaust/about/final-solution-beginning/romania.html

**11.**https://www.yadvashem.org/download/education/conf/Stark.pdf

**12. Романија 1933 г.** https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/romania-1933



13. **Романија 1941 година**[https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/romania-1941](https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/romania-1941)




**14.**[https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/romanian-participation-in-massacres-1941-](https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/romanian-participation-in-massacres-1941-1942)

[1942](https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/romanian-participation-in-massacres-1941-1942)




15. **ВИДЕО -** ДЕПОРТАЦИЈА НА ЕВРЕИТЕ ОД БАЛТИ, БЕСАРАБИЈА
[https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/film/deportation-of-jews-from-balti-bessarabia](https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/film/deportation-of-jews-from-balti-bessarabia)

16. Јон Антонеску [https://www.yadvashem.org/odot_pdf/Microsoft%20Word%20-%205743.pdf](https://www.yadvashem.org/odot_pdf/Microsoft%20Word%20-%205743.pdf)

17. ДЕПОРТАЦИЈА НА ЕВРЕИТЕ ОД КИШИНЕВ
[https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/photo/deportation-of-jews-from-kishinev?parent=en%2F6527](https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/photo/deportation-of-jews-from-kishinev?parent=en%2F6527)



18. ЕВРЕИ СОБРАНИ ЗА ДЕПОРТАЦИЈА ОД СЕЛО ВО БЕСАРАБИЈА

[https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/photo/jews-assembled-for-deportation-from-a-bessarabian-village](https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/photo/jews-assembled-for-deportation-from-a-bessarabian-village)



19. СИЛИТЕ НА ОСКАТА И ХОЛОКАУСТОТ
https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/axis-powers-and-the-holocaust

20. Бугарија https://www.yadvashem.org/odot_pdf/Microsoft%20Word%20-%206092.pdf

21.**Закон за заштита на нацијата**
https://documents.yadvashem.org/index.html?language=en&&TreeItemId=5089464

22. БУГАРИЈА, ПРОМЕНИ НА ГРАНИЦИТЕ 1939-1942 г.

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/map/bulgaria-border-changes-1939-1942




23. ДЕПОРТАЦИЈА НА ЕВРЕИТЕ ОД ТРАКИЈА ОКУПИРАНА ОД БУГАРИЈА https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/film/deportation-of-jews-from-bulgarian-occupied-macedonia?parent=en%2F5955

23.  ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЗНАЧКА ЗА ЕВРЕИТЕ ВО ГРЦИЈА

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/photo/compulsory-jewish-badge-in-greece

24. НОРБЕРТ Ј. ЈАШАРОВ ГИ ОБЈАСНУВА ПРОМЕНИТЕ ВО УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ ЗА ЕВРЕИТЕ ВО БУГАРИЈА. https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/oral-history/norbert-j-yasharoff-describes-the-change-in-living-conditions-for-ews-in-bulgaria

25. РЕГИСТРАЦИЈА ЗА ПРИНУДНА РАБОТА ВО СОЛУН https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/photo/registration-for-forced-labor-in-salonika?parent=en%2F7665



26. БУГАРСКИ ВЛАСТИ ГИ СОБИРААТ ЕВРЕИТЕ ВО ОКУПИРАНА МАКЕДОНИЈА

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/photo/bulgarian-authorities-round-up-jews-in-occupied-macedonia



27.ЕВРЕЈСКА ЗАЕДНИЦА ВО БИТОЛА: ФОТОГРАФИИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/gallery/jewish-community-of-monastir-photographs-for-registration?parent=en%2F9150

28. ТАБЕЛА

| | Италија | Бугарија | Романија |
|---|---|---|---|
| Поразена/ се приклучила на силите на Оската | | | |
| Еврејско население пред Втората светска војна | | | |
| Кои категории на луѓе беа вклучени во извршувањето на геноцидот врз Евреите? | | | |
| Како било спроведено „Конечното решение“? | | | |
| Имало ли специфичности во однос на спроведувањет о на „Конечното решение“? | | | |
| Еврејско население по Втората светска војна | | | |